СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-888/32
17.02.2021 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 52-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 17..02.2021 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 52-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова
МИРЈАНА ГРКОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Горица Пеливанова Вилхем
ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова
ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова
ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева
ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов
РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев
МИТКО КАМЧЕВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Каракутова Гинова
АНИТА КАРАКУТОВА ГИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Крстиќ Душица
ДУШИЦА КРСТИЌ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова
БОЖАНКА МИНОВА: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Тони Нешковски
ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Драганчо Николов
ДРАГАНЧО НИКОЛОВ: Тука
РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов. Тука..
Радњански тука .
Ристо тука .

**Јосиф Стојанов**
**ЈОСИФ СТОЈАНОВ: Тука**
**РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев**
**БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука**
**РИСТО САКАЛИЕВ: Трендафилов Никола тука**
**Лазар Туриманџов.**
**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Тука .**

**На седницата присуствуваат 19 советници, отсутни нема .**
**Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.**

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 51-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден **29.01.2021година**.

  Дали има забелешки по Записникот од 51-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

  Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 51-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

  Има ли против и воздржани ? Нема. Утврдуваме едногласно 19 за.

  Констатирам дека е усвоен Записникот од 51-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

  **Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :**

  1. Предлог-Одлука за реализација на грант-проект на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2);
  2. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот “Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок 19К во населба Бел Камен,, ;
  3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година;
  4. Предлог-Одлука за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија;
  5. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ,,

6. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.37/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.39/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2021 година;
9. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци;
11. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;
12. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци;
16. Предлог-Одлука со арх..02-168/3 од 09.02.2021 година, за организирање на подржница бр.1, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
17. Извештај со арх. бр.02-326/1 од 27.01.2021 година за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" за период од 01.01.2020-31.12.2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„ ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
18. Предлог-Информација со арх.бр.03-674/1 од 10.02.2021 година,донесена од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
19. Предлог- Одлука со арх.бр. 02-38/1 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
20. Предлог-Одлука со арх.бр. 02-38/2 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на

давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

21. Годишен Извештај на ЈП„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година;
22. Изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;
23. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;
24. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП„Јасмин„ Кавадарци, донесена од Директорот ЈП„Јасмин„ Кавадарци;
25. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2021 година;
26. Предлог- Заклучок за давање позитивно мислење по Барање бр.УП1-11/5 – 263 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала „Баров Дол„„ доставено од Министерство за животна средина-Сектор за води;
27. Предлог- Заклучок за давање позитивно мислење по Барање бр.УП1-11/5 -1363/20 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала„Папрад„ доставено од Министерство за животна средина-Сектор за води;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Одлука за давање согласност на закупецот за реконструкција, пренамена и адаптација на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец, сопственост на Општина Кавадарци ;

Предлог-Одлука за давање согласност на закупецот за реконструкција, пренамена и адаптација на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец, сопственост на Општина Кавадарци ;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Одлука со арх.бр.02-48/3 од 08.02.2021 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа, донесена од Управен одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа.

Одлука со арх.бр.02-48/3 од 08.02.2021 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа, донесена од Управен одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа.

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог- Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Предлог- Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/20 поведен пред Основен суд Кавадарци.

1.Предлог-Одлука за реализација на грант-проект на Општина Кавадарци во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2);

Отварам расправа, колеги. Дали некој бара збор?Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање . Има ли против и воздржани?Нема, едногласно за.

2.Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот "Изградба на Фекална канализација за дел од урбан блок 18К и урбан блок 19К во населба Бел Камен„ ;

Отварам расправа . Дали некој бара збор? Нема никој за збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против?Не. Едногласно 19 за.

3.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој збор. Одиме со гласање.Има ли против и воздржани? Нема. 19 за. заедно со Амандманот.
4.Предлог-Одлука за давање на донација – Финансиски средства на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија;
Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани ? Нема .Едногласно 19 за.
5.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„
Отварам расправа. Колеги доколку никој не бара збор, кратко образложување од страна на Градоначалникот .Повели Градоначалниче.
ГРАДОНАЧАЛНИК Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани служби, почитувани сограѓани по однос на точката 6 Дополнување и изменување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци сакам да ја информирам и јавноста дека со кредитот комерцијален, кој што го обезбедивме од 118 000 000 денари, тендерирањето на пазарот заврши во месец февруари почетокот, изведувач веќе е воспоставен договор со изведувачот поради тоа што самата проектна цена на пазарот беше 115 000 000 денари, меѓутоа со ревидирање на проектот и со аукцијата која што ја имавме јавна со повеќе фирми пошто имаше конкуренција за изградба на пазарот, што е добро за нас и за граѓаните од Општината. Цената се спушти на 102 000 000 денари, така да остануваат слободни средства од некоиси 15 000 000 денари . Со оваа одлука доколку ја донесиме и измена тие 15 000 000 денари нема да ги искористиме во целост, отприлика 11 000 000 денари е целокупната опрема за целокупниот пазар . Тоа ќе се однесува на идно тендерирање за поставување на тезги на самиот пазар, соодветни тезги за продажба на овошје, зеленчук, раноградинарски производи и во делот на млеко и месни производи поставување на разладни витрини, фрижидери по ХАСАП стандарди и опремување на пазарот со потребна негова урбана опрема во делот на колички и боксови за роба која што треба да биде изложувана . Така да доколку ова го ревидираме со заштедата која што ја имаме добиено во однос на аукцијата ќе ставиме нов тендер за распишување на комплетно опремување на пазарот, кој што ќе биде од големо значење и ќе имаме пазар по ХАСАП стандард. Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Се надеваме дека граѓаните ова позитивно го примаат . Убаво е. Одиме со 6 точка на Дневен ред.

Се извинувам.Точката ја ставам на гласање. Дали има  воздржани и против? Нема. Едногласно 19 за.

6.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.37/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор.Точката ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Нема. Едногласно 19 за.

7.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет МАЛВП бр.39/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Не бара никој збор.Ја ставам на гласање.
Нема против и воздржани. 19 за.

8.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа.Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно 19 за.

9.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Точката ја ставам на гласање. Дали има против и воздржани? Нема . Едногласно 19 за.

10.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Едногласно 19 за.

11.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа.Никој не бара збор. Одиме со гласање.Има ли против и воздржани?Нема .Едногласно 19 за.

12.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор.Точката ја ставам на гласање. Нема против и воздржани.  19 за.

13.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;

Отварам расправа. Колеги никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани . Нема . Едногласно за.

14.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари без надоместок на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам расправа.Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.

Нема воздржани и против.Едногласни сме сите за.

15.Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци;

Отварам расправа.Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.

Има ли против и воздржани.Нема 19 за.

16.Предлог-Одлука со арх..02-168/3 од 09.02.2021 година, за организирање на подржница бр.1, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор.Точката ја ставам на гласање.

Има ли воздржани и против? Нема . Едногласно за.

17.Извештај со арх. бр.02-326/1 од 27.01.2021 година за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" за период од 01.01.2020-31.12.2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„ ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор.Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Колеги нема. Едногласно 19 за.

18.Предлог-Информација со арх.бр.03-674/1 од 10.02.2021 година,донесена од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам расправа.Збор не бара никој. Точката ја ставам на гласање. Нема против и воздржани. Едногласни сме 19 за.

19.Предлог- Одлука со арх.бр. 02-38/1 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам расправа.Дали некој бара збор?Не бара никој . Ја ставам на гласање.Има ли против и воздржани?Нема . Едногласно за.

20.Предлог-Одлука со арх.бр. 02-38/2 од 28.01.2021 година, за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не бара никој. Точката ја ставам на гласање.Има ли воздржани и против? Нема .Едногласно 19 за.

21. Годишен Извештај на ЈП„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2020 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Ја ставам на гласање . Има ли воздржани и против? Нема . 19 за.

22. Изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали бара некој збор?Не бара .Со гласање има ли против и воздржани? Нема .Едногласно 19 за.

23.Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;

Колеги отварам расправа.Дали некој бара збор?Не бара никој. Одиме со гласање.Има ли воздржани и против?Нема. 19 за.

24.Предлог- Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП„Јасмин„ Кавадарци, донесена од Директорот ЈП„Јасмин„ Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Точката ја ставам на гласање.Има ли против и воздржани? Нема . 19 за.

25.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спортот за 2021 година;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Ја ставам на гласање. Има ли против и воздржани? Нема . 19 за.

26.Предлог- Заклучок за давање позитивно мислење по Барање бр.УП1-11/5 – 263 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала „Баров Дол„„ доставено од Министерство за животна средина-Сектор за води;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не бара никој.Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема . Едногласно 19 за.

27. Предлог- Заклучок за давање позитивно мислење по Барање бр.УП1-11/5 -1363/20 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река „Дошница„Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала„Папрад„ доставено од Министерство за животна средина-Сектор за води;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Има ли против и воздржани? Нема. 19 едногласно.

28. Предлог-Одлука за давање согласност на закупецот за реконструкција, пренамена и адаптација на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец, сопственост на Општина Кавадарци ;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема за збор. Одиме со гласање. Има ли некој воздржан и против? Нема . 19 за.

29. Одлука со арх.бр.02-48/3 од 08.02.2021 година, за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа, донесена од Управен одбор на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа.

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема за збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Не 19 за.

30. Предлог- Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Одиме со расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој . Колеги со гласање, воздржани, против? Нема . Едногласно 19 за.

31. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.57/20 поведен пред Основен суд Кавадарци.

Отварам расправа. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Против, воздржани нема . 19 за.

Колеги со ова се исцрпи Дневниот ред . Градоначалниче дали имате нешто? Повели Градоначалниче.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Ништо мене ми останува да се заблагодарам на Претседателот и на советниците за конструктивната седница која што ја имавме и добрата претходна координација која што ја имат Комисиите. Вооедно да си посакаме добри денови. Еве да искоментираме малку Кавадарци во делот на пандемијата и заразени од Ковид 19. е така на едно прилично високо ниво во државава. Уште еднаш сакам еве и јавно и тука пред советниците меѓутоа и граѓаните да повикам на укажувањето на мерките од Министерството за здраство да се почитуваат , да луѓето бидат малку подисциплинирани во делот на своите дружења, движења и користење на заштитни маски , пошто Кавадарци е по број на жители можеби и прво во државава кај што имаме заразени, меѓутоа верувајте дека има многу наши сограѓани, роднини, пријатели и познаници кои што тешко го поминуваат овој Ковид вирус и во комуникација со лекарите од Клиника, Инфективна и Стоматологија од Скопје и друзите клиники дека Кавадарци стварно има доста пациенти заглавено . Јас би сакал ова што побргу да

помине, за да може да си ги заштитиме прво повоздрасните нормално и целокупно население и да бидеме подисциплинирани во делот на движењето, поготово угостителските објекти . Еве нека биде порака ова до сите угостителски објекти, оние дружења на тинајџерите и на младите коишто ги имаме по викендици , по збиралишта да бидат ограничани, да бидат дисциплинирани поготово заради нивните најблиски роднини, пријатели итн., да можеме барем наредната недела ,две да се стави во мирување ширењето на заразата. Сакам вооедно да кажам дека Ковид болницата веќе е во завршна фаза, 36 легла, како што ветивме, ние како фирма и фондација "Никола Јанчев" веќе инсталацијата централна за кислород е во завршна фаза, така да од самото отварање на болницата ќе има и централна станица за снабдување со кислород, али тоа е само една олеснителна околност за оние кои што се болни од Ковид и за персоналот и медицинските лица. Дај боже да не ја користиме и да биде што помалку искористена, меѓутоа тоа ќе зависи најмногу од нас.Времето кое што ни претстое, ќе претстојат и повисоки температури и поголема раздвиженост, така да мораме да се заштитиме едни од други се додека не стигнат вакцините и оваа пандемија спадне на пониско ниво. Ако земиме во обзир дека една Струмица со речиси двојно жители од Кавадарци има по 4,5 заболени на ден, а ние имаме и по 30, 40, значи мислам дека проблемот е во нас така да еден јавен повик за да можеме да го надминеме ова што полесно, еве тука во делот на Советот имаме двајца лекари, односно тројца, меѓутоа двајца кои што се и директно инволвирани во Ковид Центарот и една голема благодарност до сите лекари и целокупниот медицински тим, без разлика кој на кој одел работи, за нивното залагање. Општина Кавадарци во нејзините можности и ситуации секогаш стое на располагање на Општата Болница со проширана дејност да можеме да помогниме во подобри услови за тие медицински лица и нормално нивна заштита, пошто ни се неопходни и најмногу требат во овој период.Уште еднаш благодарам. Имајте убав ден. Па преостапувам на Претседателот .

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме на Градоначалник. Се надеваме дека апелот ќе се практикува од граѓаните . Со ова ја затварам ова седница и ви посакувам здравје.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-КАВАДАРЦИ